ПЛАТФОРМА
ЗА РОДОВА
ЕДНАКВОСТ

# Реакција на Платформа за родова еднаквост во врска со дискриминаторските и сексистички содржини во учебниците за основно и средно образование

Платформата за родова еднаквост изразува сериозна загриженост за дискриминаторските содржини присутни во учебникот по Социологија за втора година средно образование, актуелен со силни негативни критики во јавноста изминатиот период. Ги повикуваме Министерството за образование и наука (МОН) и органите во состав на ова министерство (Бирото за развој на образование, Педагошка служба, Државен просветен инспекторат) веднаш да формираат Комисија за ревизија на сите наставни програми и учебници за основно и средно образование, и да се отпочне со долго најавуваниот процес на детална ревизија на сите учебници во поглед на присутноста на дискриминаторски содржини, промовирање родови стереотипи, сексизам, мизогинија и насилство.

Во изминатите години имаше многубројни реакции од јавноста и граѓанскиот сектор во однос на содржините во учебниците, но конкретни преземени чекори од надлежните институции изостануваат. Учебниците се основа за образование и еманципација на идните генерации во нашата земја и недопустливо е содржини кои промовираат дискриминација, родова нееднаквост, шовинизам, насилство и кршење на основните човекови права, да бидат присутни и предавани во образованието како прифатливи и нормални појави.

Потенцираме дека пласирањето на вакви содржини е противзаконско, доведува до системско промовирање на дискриминација, стереотипизација и нееднаков третман на жените и мажите во нашето општество, и директно се коси со постојните закони и стратегии во земјата како што се Закон за основно образование (член 5, став 2), Закон за еднакви можности на жените и мажите (член 6, став 3-4), Законот за спречување и заштита од дискриминација (член 3, став 2), Стратегијата за образование за 2018 – 2025 и Акциски план[1], Стратегија за родова еднаквост 2013-2020. Оваа обврска е исто така дефинирана и во Националниот план за акција за родова еднаквост 2018 – 2020 година, каде во рамки на Специфична стратешка цел 2.4.: Област- Образование, со цел да се оствари резултатот: Зајакнати наставно образовните содржини и учебници од аспект на родовата еднаквост, Министерството за образование и наука е назначено за одговорно да изврши анализа на наставни планови, програми и учебници од родов аспект, и да спроведе задолжителни експертски мислења по недискриминација и родова еднаквост во завршната фаза од стручната ревизија на наставни програми, планови и учебници.

Покрај прекршувањето на домашната легислатива, ваквите содржини во учебниците се косат и со меѓународните договори и конвенции чиј потписник е нашата земја, како што е и Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жените (CEDAW). Во ноември 2018 година, Комитетот за елиминација на дискриминацијата врз жените во Заклучните коментари за шестиот периодичен извештај на нашата држава, изрази загриженост за „Постојаните дискриминаторски родови стереотипи за улогите и одговорностите на жените и мажите во семејството, образовниот систем и во општеството“ и препорача Р. С. Македонија да донесе сеопфатна стратегија, насочена кон отстранување на дискриминаторските родови стереотипи и штетните практики кон жените, вклучувајќи го и **зајакнувањето на процесот на проверка на учебниците и наставните**

[1] Еден од приоритетите дефинирани во сегментите и на основното и средното образование е: Учениците во основното/средното образование имаат квалитетни и актуелни учебници како избор на применливи знаења коишто промовираат човекови права, почитување на различностите и демократските вредности,

**Платформа за родова еднаквост**
телефон/факс: + 389 23245536
e-mail: rodovaplatforma@gmail.com
www.rodovaplatforma.mk

**програми**. Препораката продолжува во потенцирање на тоа дека **образованието има улога во трансформирање на концептите за родовите улоги во општеството**.

Потсетуваме дека обврската за ревизија на учебниците е пропишана и во Програмата на Владата 2017 - 2020, во која се вели: „Во рок од една година, државни комисии составени од универзитетски професори и поддржани од Министерството за образование и наука, ќе ги евалуираат сите учебници за основно и за средно образование и ќе постават јасни правила кои мора да се почитуваат. Ќе се повлечат од употреба учебниците кои имаат суштински грешки во материјата и кои се несоодветни за возраста на учениците. Истовремено, ќе спроведеме ослободување на наставните предмети од непотребни и штетни содржини, особено од оние што поттикнуваат агресивност, нетолеранција, омраза и дискриминација.“

Повикувајќи се на антидискриминациските одредби во наведените закони и стратешки документи на државата, како и заложбите и планираните активности во програмата за работа на Владата, бараме Министерство за образование и наука и надлежните органи, да постапуваат по своите надлежности и да извршат **целосна ревизија на учебниците кои се употребуваат во сите фази од образовниот процес,** и да се **повлечат од употреба сите учебници кои промовираат содржини кои не се во согласност со постојните закони и ратификувани конвенции и содржат штетни содржини** кои не само што не ја унапредуваат, туку ја уназадуваат родовата еднаквост во државата. Апелираме **во најбрз можен рок да се формира Комисија за ревидирање на сите учебници, а воедно ја ставаме на располагање експертизата на организациите членки на Платформата за родова еднаквост за консултации и вклучување во работата на оваа Комисија.**

Со почит,

Платформа за родова еднаквост

*Организации членки на Платформата за родова еднаквост:

1. Асоцијација за здравствена едукација и истражување – ХЕРА
2. Бори се женски
3. Женска граѓанска иницијатива АНТИКО
4. Здружение женски форум Тетово
5. Здружение за еднакви можности Семпер
6. Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ)
7. Здружение за локален рурален развој
8. Здружение за унапредување на родовата еднаквост - Акција Здруженска
9. Здружение на граѓани за промоција на женската активност Тиииит! Инк.- Скопје
10. Здружение Организација на жените на општина Свети Николе
11. Институт за општествени и хуманистички науки
12. Коалиција “Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници”
13. ЛезФем
14. Мрежа за заштита од дискриминација
15. Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство – Глас против насилство
16. Национален совет за родова рамноправност-СОЖМ
17. Организација на жени на град Скопје
18. Организација на жени Кумановка
19. Реактор - Истражување во акција
20. ТАКТ
21. Хелсиншки Комитет
22. Хуманитарно здружение Мајка, Куманово